# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПЕЧАТОТ

## УСАИД го објави 15тото издание на Индексот на одрживост на граѓанските организации за Централна и Источна Европа и Евроазија

Вашингтон, САД – Агенцијата на САД за Меѓународна развојна помош (УСАИД) го објави 15-тото издание на Индексот за одрживост на невладините организации, од неодамна преименуван во Индекс на одрживост на граѓанските организации, во насока на препознавање на широкиот спектар непрофитни граѓански организации (ГОи) активни во регионот. Овогодишното издание се осврнува на развојот на граѓанското општество во 2011 година. Индексот го следи развојот на граѓанскиот сектор во дваесет и девет земји во последните петнаесет години. Истиот го разгледува опкружувањето во кое делуваат ГОите, со фокус на правното опкружување, организацискиот капацитет, финансиската одрживост, застапувањето, обезбедувањето услуги, инфраструктурата и имиџот во јавноста.

Промените во одрживоста на граѓанскиот сектор во 2011 година ја рефлектираат севкупната негативна економска ситуација во глобални рамки. Значително влијание врз можностите на ГОите имаа и политичките случувања, како домашни, така и на меѓународната сцена. Во многу земји, 2011-та беше година на избори што секако влијае на опкружувањето во кое постојат и делуваат ГОи. Во исто време, самите граѓански организации играат значајна улога во изборите, преку влијание на кандидатите за адресирање на важни прашања, едукација на гласачите и мониторинг на изборите. На глобално ниво, Европската Унија продолжува да биде важен фактор во регионот, особено во земјите со кои се отворени преговори за членство, што им остава повеќе можности на ГОите за влијание на, и инпут во применетите политики.

Без оглед дали се работи за поплавите во Азербејџан, обезбедување правна помош и поддршка за зајакнувањето на жените во Босна и Херцеговина, зајакнување на здравствената заштита во Таџикистан или поддршка за правата на лицата со посебни потреби во Русија, ГОите но регионот на Европа и Евроазија активно се вклучуваат во одговор на предизвиците со кои се соочуваат нивните земји.

На промоцијата на ова најново издание на Индексот на одрживост на ГО, помошник директорката на УСАИД за Европа и Евроазија, Пејџ Александер ги искажа своите искрени честитки за едно вакво достигнување како што е објавувањето на оваа вредна аналитичка алатка веќе петнаесет години. Индексот на одрживост на ГО доживеа драстична трансформација од својот почеток – со проширување од 21 земја во регионот на Европа и Евроазија, на преку 60 земји во различни региони во целиот свет. Центарот за регионални истражувања и соработка “Студиорум” со задоволство го прифати партнерството со УСАИД во изработката на индексот за Република Македонија.

Интегралната верзија на извештајот е достапна на (англиски јазик): http://transition.usaid.gov/locations/europe_eurasia/dem_gov/ngoindex/.

Повеќе информации за програмите на УСАИД: www.usaid.gov/.

*Американскиот народ, преку Агенцијата на САД за меѓународен развој, обезбедува економска и хумантирана помош во целиот свет речиси 50 години*

###